**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. "Македонија" бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130** faksi.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
_______________2023 година
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 461-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје,октомври, 2023 година**

Седницата се одржа на ден 31.10.2023 година – понеделник во салата за седници со почеток од 09,45 часот.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател Член на Советот
- **Мери Радевска**, Член на Советот
- **Антоанета Димовска,** Член на Советот
- **Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, и Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот

Оправдано отсутни членови:

- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)* - член на Советот по функција,
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд *(уредно поканета)*– член на Советот по функција и
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот, *(оправдано отсутен)*;
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот*(оправдано отсутна)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секратар
- **м-р Сања Спиридонова**, Помлад соработник
- **Вера Андрејчин,** Советник

Седницата е отворена за јавноста и на истата присуствуваа:

- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**
- Претставник **од Институт за човекови права**
- Пошироко јавност- медиуми

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев, откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 461-та седница.

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Избор на претседател на Основен суд Куманово;

2. Донесување на Одлука за објавување оглас за избор на претседател на Основен суд Велес;

3. Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Кочани;

4. Разгледување на извештаи за работата на судовите за второто тромесечие за 2023 година и

5. Разно

Претседателот на Советот отвори дискусија по однос на предложениот дневен ред, па откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор го стави на гласање. Се констатира дека со 10 гласа ,,ЗА“ и ниту еден глас ,,ПРОТИВ“ предложениот Дневен ред е едногласно усвоен.

**Точка 1**

**Избор на претседател на Основен суд Куманово**

**Претседателот на Советот, Сашко Георгиев** ја отвори првата точка од Дневниот ред и истака дека со оглед на тоа што претседателот на Комисијата за спроведување на изборот на претседател на Основен суд Куманово – членот на Советот Лорета Горгиева е отсутна, во продолжение даде збор на некој од членовите на Комисијата да го презентира извештајот.

**За збор се јави членот на Советот, Ханиф Зендели** истакна дека Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите на кандидатите при Судскиот совет на Република Северна Македонија во состав: Лорета Горгиева-претседател на Комисијата, м-р Селим Адеми и Ханиф Зендели -членови на Комисијата формирана со одлука на Советот бр. 09-1560/1 од 09.09.2022 година на ден 22.09.2022 година одржа седница на која ги разгледа пријавите на кандидатите за избор на претседател на Основен суд Куманово по огласот објавен во "Сл. весник на РСМ" бр.118/22 и изврши увид во доставените пријави во поглед на навременост и комплетност на документацијата согласно условите во огласот.

По разгледување на пријавите додаде дека Комисијата на записник заведен во Советот под бр. 09-1560/2 од 03.10.2022 година констатирала дека по огласот за избор на претседател на Основен суд Куманово се пријавиле двајца кандидати: Снежана Манев судија на Основен суд Куманово која во моментов ја врши функцијата ВД претседател на судот и Јусуф Ајрулахи судија на Апелационен суд Скопје, чии пријави се навремени и комплетни со потребната документација согласно условите од огласот.

Додаде дека за констатираната состојба, Комисијата до Судскиот совет на РСМ состави и појасни дека поднесен е Извештај бр. 09-1560/3 од 03.10.2022 година усвоен од Судскиот совет на РСМ на 418- та седницата одржана на 26.10.2022 година со одлука постапката за избор на претседател на Основен суд Куманово да продолжи.

Понатаму изложи дека предвид законскиот услов од членот 47 од Законот за судовите да кандидатот биде оценет со позитивна оцена, а согласно член 77 од Законот за Судскиот совет на РСМ, Судскиот совет на 428-та седница одржана на ден 25.01.2023 година го усвои Извештајот на Комисијата за оценување на работата на кандидатите за претседател на Основен суд Куманово под бр.09-198/1 од 21.01.2023 година со кој по спроведено вонредно оценување судијата Снежана Манев се оценува со позитивна оцена за добиени 200 бода и судијата Јусуф Ајрулахи со позитивна оцена за добиени 186,19 бода.

По однос на исполнување на законскиот услов да кандидатот има познавање на практична работа со компјутери појасни дека се констатира дека кандидатот Снежана Манев е избран за судија на 07.02.2006 година, а кандидатот Јусуф Ајрулахи е избран за судија 01.01.2013 година, и истиот го полагал тестот за компјутери на 23.05.2019 година пред Комисија при Судскиот совет на РСМ, Комисијата констатирала дека нема потреба од спроведување на проверка на практична работа со компјутери.

Понатаму, по однос на условот да кандидатите поседуваат интегритет и социјални способности за вршење на судиската функција Комисијата на записник бр.09-198/2 од 14.02.2023 година заклучила дека за кандидатите Снежана Манев и Јусуф Ајрулахи треба се спроведе психолошкиот тест и тест за интегритет.

Истакна дека од страна на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања Скопје до Судскиот совет по однос на Снежана Манев кандидат за избор на претседател на Основен суд Куманово е доставено мислење заведено под 03-565/1 од 10.07.2023 година со кое го известува Советот дека за истата е спроведено тестирање на ден 04.07.2023 година, но дека тестирањето е прекинато поради замор манифестиран во текот на тестирањето, со препорака повторно да се спроведе тестирање на 14.07.2023 година во 11 часот. Во продолжение дополни дека доставеното мислење Судскиот совет го разгледа на работен состанок и со писмен допис бр.09-1447/2 од 13.07.2023 година до Институтот за социолошки и политичко правни истражувања Скопје извести дека ова прашање е во надлежност на Институтот, кој до Советот потребно е да достави известување за исходот од постапката по спроведен психолошки тест и тест на интегритет. Потенцира дека Институтот за социолошки и политичко правни истражувања Скопје до Судскиот совет достави стручно мислење со датум од 01.09.2022 година од спроведено психолошко тестирање на ден 31.08.2023 година, со кое Снежана Манев се препорачува за избор на претседател на суд.

Во однос на кандидатот Јусуф Ајрулаху уредно поканет на ден 29.06.2023 година и известен за денот на тестирање се констатира дека не е спроведено тестирање. Предвид наведеното Комисијата со единствениот кандидаат Снежана Манев спровела интервју на ден 20.09.2023 година, а по спроведената постапка на начин и под условите утврдени со закон, Комисијата составила Предлог листа на кандидати за избор на претседател на Основен суд Куманово, што значи дека на предлог листата се јавува само кандидатот Снежана Манев, судија на Основен суд Куманово избрана во 2006 година.

По излагањето на членот на Советот, **претседателот Сашко Георгиев** отвори дискусија и притоа побара да се појасни на јавноста по однос на тестот за интегритет и психолошкиот тест.

**За збор се јави членот на Советот, Ханиф Зендели** кој појасни дека како и горенаведеното, од страна на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања Скопје по однос на Снежана Манев кандидат за избор на претседател на Основен суд Куманово доставено е мислење заведено под 03-565/1 од 10.07.2023 година со кое го известува Советот

дека за истата  е спроведено тестирање на ден 04.07.2023 година, но дека тестирањето е прекинато поради замор  манифестиран во текот на тестирањето, со  препорака повторно да се спроведе тестирање на 14.07.2023 година во 11 часот. Во продолжение дополни дека доставеното мислење Судскиот совет  го разгледа на работен состанок и со писмен допис бр.09-1447/2 од 13.07.2023 година  до Институтот за социолошки и политичко правни истражувања Скопје извести дека ова прашање е во надлежност на Институтот, кој до Советот потребно е да достави известување за исходот од постапката по спроведен психолошки тест и тест на интегритет. Потенцира дека Институтот за социолошки и политичко правни истражувања Скопје до Судскиот совет достави стручно мислење со датум од 01.09.2022 година од спроведено психолошко тестирање на ден 31.08.2023 година, со кое Снежана Манев се препорачува за избор на претседател на суд.

**За збор се јави членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** од скоро како координатор надлежен за следење на работата на Основниот суд Куманово истакна дека лично не ја познава кандидатката, имала прилика пет минути да ја запознае на интервју. По однос на тоа што го гледа како документација ги исполнува условите, додека во однос на тоа што во јавноста има разни натписи следела, но ниту еден документ со факти не е стигнат во Советот за да таа би гласала против овој кандидат. Смета дека секој кандидат што би бил избран, а понатаму би имало причини може да биде и разрешен, но во моментов не гледа причина овој кандидат да не биде изгласан и избран за претседател на Основниот суд Куманово. Во продолжение додаде дека како координатор ќе ја следи работата на судот бидејќи тоа и е обврска.

**За збор се јави членот на Советот, Весна Дамева**  дополни дека во продолжение ќе ги истакне причините поради кои би гласала за, иако истите треба да ги даде по гласањето, ќе го стори сега. Имајќи ги предвид изминатите дејствија преземени од страна на овој судија во својство и на претседател на суд и на ВД претседател на суд фактите зборуваат како што наведе дека овој суд е исклучително добро менаџиран, имајќи во предвид дека 2022 година, а со оглед на енормно големиот број на примени предмети, совладан е приливот на предмети и судот е ажурен, што значи

дека освен напорите кои ги даваат судиите, неспорно е и доброто менаџирање на судот. Како втор факт освен квантитативните и квалитативните аспекти ја наведе и состојбата со пожарот кој настана летниот период и е од поголеми размери во судот во Куманово, кој не ја попречил работата и нормалното функционирање на судот. Смета дека според неа овие шричини се доволно големи аргументи да се даде шанса на овој кандидат бидејќи верува дека добро ќе менаџира. Дополни дека за овој суд биле пријавени двајца кандидати, од кои едниот кандидат премолчно се откажал бидејќи не се пријавил на полагање, а останатите судии никој не се пријавил како кандидат па смета дека се задоволни од претходното односно досегашното менаџирање на судот од страна на овој единствевен кандидат.

**Претседателот на Советот, Сашко Георгиев го стави на гласање предлогот за претседател на Основен суд Куманово да биде избран кандидатот Снежана Манев.**

Се констатира дека со 9 гласа – ,,ЗА‘‘ и еден глас ПРОТИВ, односно 3 гласа ,,ЗА‘‘ и 1 глас ,,ПРОТИВ‘‘од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија се донесе следната

**ОДЛУКА**

**ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО Е ИЗБРАН КАНДИДАТОТ СНЕЖАНА МАНЕВ-СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**

Во продолжение присутните членови редоследно ги образложија причините поради кои гласале ,,ЗА‘‘, односно ,,ПРОТИВ‘‘ кандидатот Снежана Манев.

**За збор се јави членот на Советот, Мери Радевска** истакна дека гласала ,,ЗА‘‘ поради тоа што кандидатот Снежана Манев ги исполнува сите услови наведени во огласот и во членот 47 од Законот за судовите, нема друг кандидат, позитивно е оцената и има максимум бодови, смета дека може да се справи со предизвиците што ги носи менаџирањето на судот.

**Членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** истакна дека гласала ,,ЗА‘‘ поради тоа што извештајот на комисијата е позитивен и нема причина поради која би гласала против.

**Членот на Советот, м-р Ивица Николовски** истакна дека гласал ,,ЗА‘‘ од причина што сега избраниот претседател е единствен кандидат, а согласно Извештајот а предвид нејзината апликација е констатирано дека ги исполнува условите, поизитивно е оценета, досегашното искуство како претседател е позитивно забележано, смета дека и понатаму успешно ќе го менаџира и води ОС Куманово.

**Членот на Советот, Весна Дамева** истакна дека гласала ,,ЗА‘‘ поради претходно наведените причини и дополни дека се надева дека довербата дадена од Советот ќе биде оправдана и дека успешно ќе го менаџира судот.

**Членот на Советот, м-р Миљазим Мустафа** истакна дека гласал ,,ПРОТИВ‘‘ од причина што има негативен извештај за посетата и контролата на овој суд, во период кога сегаизбраниот претседател на Основниот суд Куманово бил ВД претседател, како и поради тоа што има изгледи дека не се менаџира судот на добар начин, а меѓучовечките односи се на најниско ниво нешто што го кажале вработените, судиите и други лица кои имаат контакт со истата. Дополни дека од тие причини гласал против.

**Членот на Советот, м-р Селим Адеми** истакна дека гласал ,,ЗА‘‘ од бидејќи била единствен кандидат и немало друг противкандидат за да гласа поинаку.

**Членот на Советот, Павлина Црвенковска** истакна дека гласала ,,ЗА‘‘ поради тоа што се водела по извештајот доставен од Комисијата каде е оценета со највисок број на поени – 200 поени, а воедно додека таа 4 години била ВД претседател и претседател на судот истиот бил оценет како ажурен суд. Истакна дека се надева дека и понатаму ќе покаже резултати како што и досега го покажала во нејзиното работење.

**Членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** истакна дека гласала ,,ЗА‘‘ поради тоа што добро менаџирала со судот и се надева дека и во иднина ќе продолжи во тој правец. Истакна дека покажани биле добри

резултати додека раководела со судот и истиот бил оценет како ажурен суд. Дополни дека официјално нема никакви информации ниту иницијативи по однос на нејзино лошо работење, па нема ни основ да се сомневаат дека истата има пропусти во лошо раководење на судот или во поглед на одоносите помеѓу судиите и вработените. Во јавноста појасни дека се прошириле, но официјално не е пристигната никаква иницијатива, за да Советот во рамки на своите надлежности го преизпита работењето односно пропустите во работењето на Снежана Манев.

**Членот на Советот и заменик претседател Ханиф Зендели** истакна дека гласал ,,ЗА‘‘ заради тоа што ги знае состојбите во судот, со оглед на тоа што самиот бил координатор на овој суд, му честита на претседателот.

**Претседателот Сашко Георгиев** истакна дека гласал ,,ЗА‘‘ бидејќи била единствен кандидат за избор за претседател на овој суд, а воедно со оглед на тоа што подолг временски период работи како претседател, потоа и ВД претседател на Основниот суд Куманово смета дека е нужно да се завршат овие постапки и да се има официјално претседател. Дополни дека од сите податоци, докази и прилози ги исполнува во целост условите со најдобри оценки е оценета и смета дека може успешно да постапува како претседател. Потенцира дека го задолжува координаторот за овој суд да ја следи работата, како за судот така и за претседателот и доколку евентуално има било какви интенции да се изнесат на дискусија.

**Членот на Советот Мери Радевска** единствено дополни во делот да по однос на одредени наводи во врска со сега избраната претседателка на Основен суд Куманово, дополнителнон разговарано е со вработени во судот односно судии и мнозинството судии не искажале недоверба за претседателот. Смета дека не се работи дека има негативен извештај, а притоа се гласа ,,ЗА‘‘ изборот.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** истакна дека по однос на тоа што гласал ,,ПРОТИВ‘‘ не би сакал да дополнително се изјаснува меѓутоа дека станува збор за извештај од контрола на судот. Потенцира дека една од причините поради што тој извештај е негативен се човечките односи и нерегулираните човечки односи во судот.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** додаде дека не и е предаден ниту еден материјал за да таа оцени дека се случува нешто негативно во судот, смета дека можеби навистина некои од колегите покажале одредено незадоволство од менаџирањето на судот, во еден колектив во кој првиот човек менаџира смета дека можат да се јават одредени незадоволства, но смета дека тоа во моментов не го доведува во прашање работењето на судот.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 1-вата точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 2-рата точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

**Донесување на Одлука за објавување оглас за избор на претседател на Основен суд Велес**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ја отвори втората точка од дневниот ред и истакна дека од страна на Комисијата за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на судови по објавен оглас за избор на претседатели бил изготвен Извештај кој бил разгледан на седница така што Комисијата констатирала дека единствениот пријавен кандидат  по огласот за избор на претседател на Основниот суд Велес нема доставено уредна документација. Поради истото потенцира дека е потребно повторно да се објави оглас за избор на претседател на Основниот суд Велес, па предложи да се донесе одлука за објавување на оглас. Притоа отвори дискусија и откако констатираше дека никој од присутните членови не се јави за збор го стави на гласање предлогот.

Се констатира дека со 10 гласа ,,ЗА‘‘ и ниту еден ,,ПРОТИВ‘‘- едногласно се донесе следната

**ОДЛУКА**

**ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**

Согласно член 2 и 3 од Правилникот за начинот на формирање Комисии за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на

претседатели на судови, како и начинот на работење на Комисијата потребно е да се формира Комисија во состав од 3 члена од редот на членовите на Советот со право на глас, избрани по пат на ждрепка, од кои два од редот на членовите избрани од редот на судиите и 1 член од редот на членовите избрани од Собранието на РСМ. Од нив по пат на ждрепка се избира претседател.

**О Д Л У К А**

**Се формира Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, во состав од:**

**Весна Дамева, претседател на Комисија**

**Лорета Горгиева, член на Комисија и**

**Ивица Николовски, член на Комисијата.**

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 2-вата точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 3-рата точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

**Разгледување на Извештај од работна посета на Основен суд Кочани**

Претседателот на Советот ја отвори 3-тата точка од Дневниот ред и притоа даде збор на координаторот надлежен за следење на работата на Основниот суд Кочани да се произнесе по извештајот.

Членот на Советот, Павлина **Црвенковска** истакна дека со оглед на тоа што истиот е обемен и е содржан во материјалите за седница истата ќе го изложи накратко. Имено, како што наведе согласно Годишниот извештај за 2022 година Основниот суд Кочани спаѓа во судовите со проширена надлежност и со својата надлежност покрај надлежноста што ја покрива како Основен суд Кочани, покрива и дел од надлежноста од територијата на Основните судови Берово, Делчево и Виница.

Наведе дека во Основниот суд Кочани во почетокот на 2022 година биле нерешени односно имало заостаток на нерешени предемети од претходна година вкупно 1988 предмети, новопримени се 12353 премети,

повторно заведени се 89 предмети, погрешно заведени биле 4 предмети, со што во текот на годината вкупно во работа биле 14461 предмети, од кои решени биле 12081 редовни предмети и останале нерешени 2256 редовни предмети и 35 повторно заведени предмети, или вкупно нерешени предмети на крајот на годината 2291 предмет, од што произлегува дека во 2022 година не е совладан приливот, а заостатокот е зголемен за 268 предмети. Главната причина за неажурноста на судот е намалениот број на судии во овој суд, па така од предвидените 10 судии по систематизација, фактички судиската функција ја извршувале вкупно 6 судии, од кои еден е претседател на судот , односно судот работел со 4 судии помалку од предвидените.

Во продолжение на извештајот има преглед на предметите во коишто нејзините колеги Ивица и Сашко извршиле увид во предметите во кривичниот оддел, наведени се сите предмети со констатациите, бил извршен увид и во предметите за изземање, понатаму состојбата со старите нерешени предмети ја има за секој судија поединечно, накратко што се случувало за секој предмет. Укажа дека е направена техничка грешка на стр.26 од Извештајот, каде наместо ,, во списокот за ангажирани адвокати по службена должност, ангажирани се пет адвокати и не постои унифициран‘‘.. треба да стои ,, во списокот за ангажирани адвокати по службена должност, ангажирани се пет адвокати и постои унифициран...‘‘. Дополни дека се ангажирани адвокати по службена должност по азбучен ред. По однос на заклучоците истакна дека во предметите од СУ ИЗЗ хронолошки не е констатирано постапување спротивно на законските прописи, донесените решенија содржат образложени причини за уважување, односно одбивање на барањето за изземање. Понатаму, по однос на старите предмети, се постапува согласно Акциониот план за решавање на стари предмети, им се дава приоритет и се наоѓа решение на месечно ниво со цел намалување на нивниот број. Потенцира дека судиите секој месец доставуваат извештаи за стари и нерешени предмети со причини за нерешавањето, така што реално е да се очекува да се намали бројот на стари нерешени предмети, освен предметите кои од објективни причини не можат да се решат.

Откако беше изложен Извештајот во продолжение Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори дискусија по однос на оваа точка од дневниот ред.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** која потенцира дека читајќи ги заклучоците по однос на првиот заклучок за предметите СУ ИЗЗ опфатена е 2022 година, во сите предмети се донесени решенија каде во заклучокот стои дека содржат образложени причини за уважување, односно одбивање на барањето за иземање. Прашањето е каква е состојбата понатаму по однос на овие предмети и нивното распределување.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** одговори во насока дека кажала дека и тоа е утврдено, дека преку АКМИС системот се повторно ставени во распределба овие предмети.

**Членот на Советот Весна Дамева** додаде дека во Извештајот се анализирани одредени состојби коишто ги констатирала односно во одредени факти се произнела Комисијата, но смета дека истиот не е целосен. Потенцира дека ќе гласа за усвојување на овој извештај но смета дека со оглед на тоа што одредени состојби треба дополнително да се утврдат со цел да не остане предметот на посетата нецелосен но би укажала во кој дел, за и понатаму координаторот односно Советот да ја следи состојбата. Како што наведе, имајќи го предвид предметот на посетата во донесениот заклучок кој е наведен не видела дека работната група се произнела по однос на состојбата со старите нерешени предмети, неспорно е како што наведе дека  дел од старите нерешени предмети се анализирани, односно состојбата со истите, но не и застарени предмети, сепак бара координаторот  и дополни дека не гледа дека е утврден бројот на оставински предмети, па бара појаснување по однос на тоа дали во овој суд има оставински предмети и кој е бројот. Смета дека е добро во сите судови да се детектира бројот на оставинските предмети, бидејќи смета дека на ниво на сите судови тој број е огромен, со цел во иднина да се преземаат дејствија за да се намали тој број и за тие предмети да се тргнат од евиденцијата во судовите. На крај дополни дека не гледа категоррично произнесување по однос на тоа дали се почитуваат законските рокови за процесните дејствија односно дали предметите во

текот на извештајниот период, дали судијата ги прима навремено, дали ги насрочува и дали во законските рокови се изготвувани објавените одлуки. Потенцира дека е макотропна работа на комисијата, детално се анализирани одредени состојби, но смета дека во овој дел треба да се дополни извештајот.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** појасни дека ке одговори само по однос на последното прашање.Во таа насока истакна дека од информатичарот било побарано да достави списоци за прием на предметите во судот како и за датумот кога се прифатени од судијата. Оцениле дека максимум во рок од 2-3 дена е прифаќањето на предметите, по однос пак на оставинските предмети, принцип на работа на комисијата при посета во суд е секој за одреден дел да проверува, потенцира дека таа била задолжена по однос на акмисот, изземањата, колегата Ивица ги проверувал граѓанските предмети, претседателот ги разгледувал предметите од кривичната област

**Членот на Советот Весна Дамева** се надоврза и кажа дека сакала координаторот дали во меѓувреме добила на писмено одредени информаици по однос на овие состојби, во наредниот период неопходно е да се изработи според неа дополнителен извештај да се утврди состојбата по однос на застарените предмети, оставинските стари предмети, како и почитувањето на законските рокови, инаку повторно потенцира дека извештајот според неа е во ред.

**Претседателот на Советот појасни** дека точно е дека бил еден од членовите на Комисијата каде ги гледал кривичните предмети. Потенцира дека Основниот суд Кочани има реален недостаток на судии бидејќи истовремено еден е делегиран во Основен суд Берово. Додаде дека овој суд е со проширена надлежност, а недостатокот на судии го прави своето.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Антоанета Димовска** потенцира дека делумно се согласува со колешката Дамева и истакна дека е факт дека треба да се разгледува времетраењето на изготвувањето на писмената одлука, но за жал АКМИС системот не го дава тој податок. Може да се знае бројот на предметот, за да се провери директно во АКМИС системот. Откако е востановен АКМИСОТ тој податок не може да

се добие и тоа е недостаток. Кога станува збор за оценувањето за 2020 година судии кои имале заостатоци од ненапишани предмети во периодот на корона пријавиле норма за разлика од судиите кои си ги имале напишано предметите. Тоа треба да се реши со ЕДУСОФТ ќе ги немаат реалните показатели.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** додаде да кога се зема предметот да се разгледува доколку е завршен предметот, во Основен суд Охрид кога биле на посета веднаш побарале од информатичарот податоци кога и објавена и кога е верификувана пресудата

**Членот на Советот Весна Дамева** не се согласува со горенаведеното, како прашање го размислува додаде дали може да се извадат податови во смисла на изготвување одлуки во законски рок бидејќи во судовите во кои е координатор се вадат податоци од АКМИС системот и децидно е наведено кога е примен предметот, кога е доставен во судот, кога е примен кај судијата и кога истиот прв пат го насрочил и секое наредно насрочување, кога е објавена и верификувана одлуката. Можеби во одредени судови додаде дека нема таква можност., па предложи да се разгледа истото на некој работен состанок.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** додаде дека во Основен суд Кочани дава само датум на прифаќање и датум на прием кај судијата, како податоци кои ги дава АКМИС системот, но во Основен суд Охрид дало листинг со сите елементи и има неусогласеност.

За збор се јави **членот на Советот, м-р Тања Чачарова Илиевска** потенцира дека е точно она што го кажува колешката Дамева. Тешко им е на информатичарите да го изготват тој прв извештај, треба да се унифицира каков тип на податоци се потребни да се доставуваат на месечно ниво.

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог Извештајот од работна посета на Основен суд Кочани.

Се констатира дека со 10- гласа ,,ЗА‘‘ и ниту еден ,,ПРОТИВ‘‘ едногласно е усвоен на Извештај од работна посета на Основен суд Кочани.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 4 -та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

**Разгледување на извештаи за работата на судовите за второто тромесечие за 2023 година**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев ја отвори 4-тата точка од дневниот ред. Согласно чл 36 ст.1 ал.14 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија Советот е надлежен да ги разгледува и оценува тромесечните и годишните извештаи за работата на судовите, па по однос на извештаите за второто тромесечје за 2023 година даде збор на известителите Мери Радевска и Павлина Црвенковска.

Членот на Советот Мери Радевска истакна дека извештајот се однесува за Апелационото подрачје Штип, Битола и Вишите судови – Вишиот управен суд и Управниот суд.

Имено како што наведе по однос на податоците за второто тромесечје произлегува дека по однос на Апелационото подрачја Штип ажурни се ОС Виница, ОС Струмица и ОС Штип. Неажурни се ОС Делчево, ОС Кочани, ОС Радовиш и ОС Свети Николе. Додека по однос на Основниот суд Берово нема податоци бидејќи не се заклучени извештаите бидејќи нема информатичар, во наредниот период да се заклучи барем од третиот квартал извештајот. Вишиот управен суд и Управниот суд биле неажурни. По однос на Апелационо подрачје Битола сите судови од ова апелационо подрачје во вториот квартал на 2023 година се оценуваат како неажурни решавање на предметите, освен ОС Охрид и ОС Ресен.

Се пристапи кон поединечно образлагање за секој суд.

Имено, **Вишиот управен суд** , број на судии по систематизација е 13, број на пополнети судиски места7(по завршетокот на овој квартал еден судија отишол во пензија така во вториот квартал постапувале 8 судии ). Дополни дека Вишиот управен суд месец Април 2023 година го започнал со нерешени 1011 предмети, примил во работа нови 892 предмети, и имал вкупно во работа 1903 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 836 а останале нерешени 1067 предмети. Погрешно заведени 2

предмети во овој квартал нема , бидејќи го зголемил заостатокот за 56 предмети е оценет како неажурен суд.

**Управниот суд,** број на судии по систематизација изнесува 33,број на пополнети судиски места 28 ( на еден судија му мирува работното место, така што во првиот квартал постапувале 27 судии ), пополнетост со судски службеници со 59,65 % . Додаде дека Управниот суд месец Април 2023 година го започнал со нерешени 4911 предмети, примил во работа нови 2005 предмети, и имал вкупно во работа 6916 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1949 а останале нерешени 4967 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 9 предмети, а го зголемил заостатокот за 56 предмети така што е оценет како неажурен суд.

**Апелациониот суд Битола** број на судии по систематизација 25, број на пополнети судиски места 12 ( 2 судии по завршување на кварталот отишле во пензија, 1 судија е во мирување така да во вториот квартал постапувале 13 судии ), пополнетост со судски службеници со 42,06 %. Апелациониот суд Битола месец Април 2023 година го започнал со нерешени 700 предмети, примил во работа нови 1338 предмети, и имал вкупно во работа 2038 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1165 а останале нерешени 873 предмети, а го зголемил заостатокот за 173 предмети така што е оценет како неажурен суд.

**Основен суд Битола**, по систематизација 25, пополнети судиски места 18 ( 2 судии се во мирување, 4 судии се избрани по завршетокот на кварталот така во овој квартал постапувале 12 судии ), пополнетост со судски службеници со 48,15 % .Основниот суд Битола месец Април 2023 година го започнал со нерешени 6585 предмети, примил во работа нови 8235 предмети, и имал вкупно во работа 14820 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 7723, а останале нерешени 7097 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 2 предмети, така што го зголемил заостатокот за 512 предмети и е неажурен суд

**Основен суд Крушево,** по систематизација 3, број на пополнети судиски места 0 ( 1 судија е делегиран во судот, па така постапувале 1 судија ), пополнетост со судски службеници со 53,85 %. Овој суд во месец Април 2023 година го започнал со нерешени 452 предмети, примил во работа

нови 474 предмети, и имал вкупно во работа 926 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 366, а останале нерешени 560 предмети. го зголемил заостатокот за 108 предмети и е неажурен суд.

**Основен суд Охрид** по систематизација 18 судии, број на пополнети судиски места 10 ( двајца судии по завршетокот на кварталот отиќле во пензија,1 судија е во мирување, така да во овој квартал постапувале 12 судии заедно со претседател од друг суд ), пополнетост со судски службеници е 46,02 %. Основниот суд Охрид месец Април 2023 година го започнал со нерешени 5726 предмети, примил во работа нови 3971 предмети, и имал вкупно во работа 9697 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4212, а останале нерешени 5485 предмети.Во овој квартал погрешно заведени се 3 предмети, со тоа го намалил заостатокот за 241 предмети и е ажурен суд.

**Основен суд Прилеп**, број на судии по систематизација 18,број на пополнети судиски места 4(1 судија е делегиран во судот,1 судија во текот на кварталот отишол во пензија така во овој квартал постапувале 4 судии ),пополнетост со судски службеници со 64,66 %. Основниот суд Прилеп месец Април 2023 година го започнал со нерешени 6199 предмети, примил во работа нови 3422 предмети, и имал вкупно во работа 9621 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2968, а останале нерешени 6653 предмети. Во овој квартал погрешно заведен 1 предмет, а го зголемил заостатокот за 454 предмети и се оценува како неажурен суд.

**Основен суд Ресен**,број на судии по систематизација 4,број на пополнети судиски места 3 ( 1 судија е во мирување така во овој квартал постапувале 2 судии ),пополнетост со судски службеници со 40,54 %. Месец април 2023 година го започнал со нерешени 970 предмети, примил во работа нови 953 предмети и имал вкупно во работа 1923 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1157 а останале нерешени 766 предмети, со тоа го намалил заостатокот за 204 предмети и е ажурен суд

**Основен суд Струга,** број на судии по систематизација 15,број на пополнети судиски места 5 ( 1 судија е делегиран во судот, па така постапувале 6 судии ),пополнетост со судски службеници со 43,33 %. Основниот суд Струга месец Април 2023 година го започнал со нерешени

5125 предмети, примил во работа нови 3955 предмети, и имал вкупно во работа 9080 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3507 а останале нерешени 5573 предмети. Во овој квартал има 3 погрешно заведени предмети, го зголемил заостатокот за 448 предмети и е неажурен суд..

**Апелациониот суд Штип**,број на судии по систематизација 16, број на пополнети судиски места 8 ( 1 судија по завршување на кварталот отишол во пензија,така да во овој квартал постапувале 9 судии ),пополнетост со судски службеници со 48,49 %.

Апелациониот суд Штип месец Април 2023 година го започнал со нерешени 910 предмети, примил во работа нови 1170 предмети, и имал вкупно во работа 2080 предмети.Од овој фонд на предмети решени се 1052, а останале нерешени 1028 предмети, односно го зголемил заостатокот за 118 предмети и е неажурен суд.

**За Основен суд Берово нема податоци. Во продолжение продолжи со Основен суд Виница.**

**Основен суд Виница** број на судии по систематизација 3,број на пополнети судиски места 1 (има претседател од друг суд така во овој квартал постапувале 2 судии ),пополнетост со судски службеници со 35,14 %. Овој суд месец Април 2023 година го започнал со нерешени 559 предмети, примил во работа нови 1081 предмети, и имал вкупно во работа 1640 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1179 а останале нерешени 461 предмети, со што го намалил заостатокот за 98 предмети и е ажурен суд.

**Основен суд Делчево**, број на судии по систематизација 4,број на пополнети судиски места 1, пополнетост со судски службеници со 48,33 %. Основниот суд Делчево месец Април 2023 година го започнал со нерешени 1594 предмети, примил во работа нови 1449 предмети, и имал вкупно во работа 3043 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1170, а останале нерешени 1873 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведен предмет со што го зголемил заостатокот за 279 предмети и е неажурен суд.

**Основен суд Кочани**, број на судии по систематизација 10,број на пополнети судиски места 8 ( во овој квартал 1 судија е во мирување, па во овој квартал постапувале 7 судии ).Пополнетост со судски службеници со 43,37 %.Основниот суд Кочани месец Април 2023 година го започнал со нерешени 2508 предмети, примил во работа нови 3387 предмети, и имал вкупно во работа 5895 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2899, а останале нерешени 2996 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведени предмети и го зголемил заостатокот за 488 предмети со што е неажурен суд.

**Основен суд Радовиш**, број на судии по систематизација 6, број на пополнети судиски места 2 ,пополнетост со судски службеници со 52,27 %. Овој суд месец април 2023 година го започнал со нерешени 1249 предмети, примил во работа нови 2456 предмети, и имал вкупно во работа 3705 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2162, а останале нерешени 1543 предмети. Во овој квартал 1 погрешно заведени предмети со што го зголемил заостатокот за 294 предмети и е неажурен суд.

**Основен суд Свети Николе**, број на судии по систематизација 4, број на пополнети судиски места 2 , пополнетост со судски службеници со 36,84 %. Основниот суд Свети Николе месец Април 2023 година го започнал со нерешени 977 предмети, примил во работа нови 1383 предмети, и имал вкупно во работа 2360 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1196 а останале нерешени 1164 предмети со што го зголемил заостатокот за 187 предмети и е неажурен суд.

**Основен суд Струмица** ,број на судии по систематизација 20,број на пополнети судиски места 11 (1 судија е избран за член во Судскиот совет, 3 судии се новоизбрани академци, така што во овој квартал судиската функција ја обавувале 7 судии ), пополнетост со судски службеници 47,93 %.Основниот суд Струмица месец Април 2023 година го започнал со нерешени 3333 предмети, примил во работа нови 5387 предмети, и имал вкупно во работа 8720 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5420, а останале нерешени 3300 предметии, го намалил заостатокот за 33 предмети со што е ажурен суд.

**Основен суд Штип** – од предвидени 19 пополнети се 13 судиски места ( 1 судија е избран во Судски совет ,така да во овој квартал судиската функција ја обавувале 12 судии ),пополнетост со судски службеници со 49,59 %.Овој суд месец април 2023 година го започнал со нерешени 4125 предмети, примил во работа нови 5408 предмети, и имал вкупно во работа 9533 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5935 а останале нерешени 3598 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведени предмети, го намалил заостатокот за 527 предмети и е ажурен суд.

**Основниот суд Гевгелија** имал во работа 2867 предмети, нерешени на крајот на периодот останале 1008 предмети, решени се 2867 како што наведе, а вкупно 3875 предмети имал во работа и овој суд потенцира дека е ажурен.

Додаде дека на крајот може да се каже дека во вториот квартал на 2023 година на ниво на држава работата на судовите се оценуваат како неажурни.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по однос на извештајот.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** кој како координатор на Основниот суд Берово ги објасни причините зошто овој суд нема податоци. Имено како што наведе нема информатичари, еден судија има, заложбите се големи, па се ангажираат информатичари од другите судови, претседателот на судот се труди да обезбеди податоци.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** дополни во делот дека има уште еден судија кој е делегиран и има двајца судии во моментов во судот, но извештајот се однесува за изминатиот период. Даде збор на колешката Црвенковска.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** истакна дека до Советот страна на судовите во државата доставени се извештаи за нивната работа за вториот квартал на 2023 година за месеците Април,Мај,Јуни 2023 година,освен од Врховниот суд на Република Северна Македонија. Притоа извештаите на Апелациониот суд Скопје и судовите на неговото подрачје

и Апелациониот суд Гостивар и судовите на неговото подрачје се проследени до  Комисијата за следење на нивната работа. Имено, како што наведе спореди податоците од извештаите за работа на судовите со табеларните прегледи од АКМИС системот и констатира совпаѓање на податоците за остатокот на нерешени предмети од претходниот период, приливот на нови предмети, вкупниот фонд на предмети во работа, бројот на  решени предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот од вториот квартал  2023 година. Според податоците во овој квартален период ажурни се Врховниот суд на РСМ,Основниот кривичен суд Скопје,ОС Гевгелија,ОС Кавадарци,ОС Кратово,ОС Гостивар,ОС Дебар и ОС Кичево, додека неажурни судови се АС Скопје,Основен граѓански суд Скопје,ОС Велес, ОС Крива Паланка, ОС Куманово, ОС Неготино, АС Гостивар, и ОС Тетово . Во продолжение накратко образложи за секој суд поединечно.

Имено, **Врховниот суд** месец април 2023 година го започнал со нерешени 780 предмети, примил во работа нови 1161 предмети, и имал вкупно во работа 1941 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1169, а останале нерешени 772 предмети, со тоа го намалил заостатокот за 8 предмети и е оценет како ажурен суд.

**Апелациониот суд Гостивар** месец април 2023 година го започнал со нерешени 1007 предмети, примил во работа нови 1147 предмети, и имал вкупно во работа 2154 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1137, а останале нерешени 1017 предмети со што го зголемил  заостатокот за 10 предмети, па во вториот квартал на 2023 година Апелациониот суд Гостивар се оценува како неажурен суд.

Судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар се Основен суд Гостивар, Основен суд Дебар, Основен суд Кичево и Основен суд Тетово. Додаде дека сите судови од ова апелационо подрачје во вториот квартал на 2023 година се оценуваат како ажурни во решавање на предметите освен ОС Тетово.

**Основниот суд Гостивар** месец април 2023 година го започнал со нерешени 8754 предмети, примил во работа нови 6663 предмети, и имал вкупно во работа 15417 предмети. Од овој фонд на предмети решени се

7995, а останале нерешени 7422 предмети. Погрешно заведени се 8 предмети, го намалил заостатокот за 1332 предмети со што се оценува како ажурен.

**Основниот суд Дебар** месец април 2023 година го започнал со нерешени 467 предмети, предмети, примил во работа нови 1704 предмети, и имал вкупно во работа 2171 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1716, а останале нерешени 455 предмети, го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 12 предмети и е оценет како ажурен суд.

**Основниот суд Кичево** месец април 2023 година го започнал со нерешени 3480 предмети, примил во работа нови 4569 предмети, и имал вкупно во работа 8049 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4646, а останале нерешени 3403 предмети, совладан е приливот на предмети и го намалил заостатокот за 77 предмети, со што како што наведе во вториот квартал на 2023 година Основниот суд Кичево се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Тетово** месец април 2023 година го започнал со нерешени 5883 предмети, примил во работа нови 14836 предмети, и имал вкупно во работа 20719 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 12790, а останале нерешени 7929 предмети. Погрешно заведени се 2 предмети, притоа не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 2046 предмети и е оценет како неажурен суд.

Понатаму, по однос на **Апелациониот суд Скопје** - месец април 2023 година го започнал со нерешени 7546 предмети, примил во работа нови 3898 предмети, и имал вкупно во работа 11444 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3803, а останале нерешени 7641 предмети. Погрешно заведени 1 предмет, со тоа не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 95 предмети и е оценет како неажурен суд.

Во продолжение се прејде на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје и тоа: Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци, Основен суд Кратово, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово, Основен суд Неготино, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје. Наведе дека пет суда од ова апелационо

подрачје во вториот квартал на 2023 година се оценува како ажурни во решавање на предметите, додека 4 се оценуваат како неажурни.

Ажурни се Основен кривичен суд Скопје, ОС Гевгелија, ОС Кавадарци и ОС Кратово, додека неажурни се ОС Велес, ОС Крива Паланка, ОС Неготино, ОС Куманово, Основен граѓански суд Скопје.

**Основниот суд Велес** месец април 2023 година го започнал со нерешени 2418 предмети, примил во работа нови 6067 предмети, и имал вкупно во работа 8485 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5633, а останале нерешени 2852 предмети. Во овој квартал еден предмет е погрешно заведен, со што не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 434 предмети и се оценува како неажурен.

**Основниот суд Гевгелија** месец април 2023 година го започнал со нерешени 1273 предмети, примил во работа нови 2602 предмети, и имал вкупно во работа 3875 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2867, а останале нерешени 1008 предмети и го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 265 предмети со што се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Кавадарци** месец април 2023 година го започнал со нерешени 858 предмети, примил во работа нови 3336 предмети, и имал вкупно во работа 4194 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3350 а останале нерешени 844 предмети, го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 14 предмети и се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Кратово** месец Април 2023 година го започнал со нерешени 295 предмети, примил во работа нови 716 предмети, и имал вкупно во работа 1011 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 736, а останале нерешени 275 предмети, што укажува дека го совладал приливот на предмети и го намали заостатокот за 20 предмети и се оценува како ажурен суд.

**Основниот суд Крива Паланка** месец Април 2023 година го започнал со нерешени 1124 предмети, примил во работа нови 1568 предмети, и имал вкупно во работа 2692 предмети. Од овој фонд на предмети решени се

1369, а останале нерешени 1323 предмети, со што не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 199 предмети и се оценува како неажурен суд.

**Основниот суд Куманово** месец Април 2023 година го започнал со нерешени 5150 предмети, примил во работа нови 9042 предмети, и имал вкупно во работа 14192 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8973 а останале нерешени 5219 предмети. Во овој квартал 13 предмети е погрешно заведен, не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 69 предмети и се оценува како како неажурен суд.

**Основниот суд Неготино** месец Април 2023 година го започнал со нерешени 1033 предмети, примил во работа нови 1964 предмети, и имал вкупно во работа 2997 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1650, а останале нерешени 1347 предмети, со што не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 314 предмети и се оценува како неажурен суд.

**Основен кривичен суд Скопје** месец Април 2023 година го започнал со нерешени 27479 предмети, примил во работа нови 28256 предмети, и имал вкупно во работа 55735 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 29211 а останале нерешени 26524 предмети. Во овој квартал 2 предмети се погрешно заведени, го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 955 предмети и се оценува како ажурен суд.

**Основен граѓански суд Скопје** месец Април 2023 година го започнал со нерешени 18114 предмети, примил во работа нови 8982 предмети, и имал вкупно во работа 27096 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8578 а останале нерешени 18518 предмети. Во овој квартал 11 предмети се погрешно заведени, не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 404 предмети и се оценува како неажурен суд.

Членот на Советот Павлина Црвенковска на крај истакна дека на ниво на држава судовите месец април 2023 година го започнале со нерешени 132595 предмети, примиле во работа нови 143477 предмети, имале вкупно во работа 276072 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 140519 а останале нерешени 135553 предмети, што значи дека судовите не успеале да го совладат приливот на предмети и го зголемиле

заостатокот за 2958 предмети, па во вториот квартал на 2023 година се оценуваат како  неажурни.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** дополни дека со оглед на тоа што во периодот на месец мај и јуни се вршело оценување на судиите каде повисоките судови вршеа оценување на пониските судови и истото траеше одприлика 3 недели и истото се одрази во динамиката на постапувањето, но и недостатокот на судии го прави своето. По однос на прашањето за Врховниот суд на РСМ добил информација од координаторот е доставен извештајот.

За збор се јави **членот на Советот Павлина Црвенковска** која истакна дека ова е извештај изготвен на 13.10, појасни дека може бил доставен после овој датум.

За збор се јави **членот на Советот Ханиф Зендели** кој како координатор на овој суд истакна дека стапиле во контакт со Врховниот суд и произлегува дека на 10.10. бил пратен извештајот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** службите да проверат дали е примен, за да може да се разгледа дополнително.

Отвори дискусија.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** која даде краток осврт и коментар во насока дека извештаите се појдовна основа за констатираната сегашна состојба и за понатаму што може да се очекува од судовите.  Напомена дека треба сили да собере и Советот и законодавната власт да преку законски измени се создадат услови да се овозможи да се создадат услови за работа преку вработувањата, во смисла да се поедностави процедурата да се размислува за условите за исполнување на старосна пензија. Дополни дека неслучајно е ваква состојабата во судовите и на ниво на држава, но да се има предвид дека енормно број на предмети се процесуирани и не може да се размилува за билокаква состојба и другите европски држави да се мерило. Одредени судови, поголеми судови многу малку го зголемиле заостатокот и и дава за право како што кажа да смета дека и тој заостаток во наредниот период ќе биде надминат и тие судови ќе бидат ажурни. Третото тромесечје судовите

даваат напори најчесто и се зголемува ажурноста. Советот ја знае состојбата и покрај се, презема чекори, преку следење континуирано на состојбата, како и делегирање на судии во судовите каде има потреба. Се надева дека ажурноста на судовите ќе се подобри.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** кој истакна дека ги подржуваат судиите, лесно е да критикува, но бројот на завршени предмети - 140.000 е голем. Некои судови работат со намален капацитет, 20-30%  без вина на Советот и судиите. Треба што поскоро да се донесе судска мрежа врз основа на европските критериуми, бидејќи не е во ред да се делегира особено за одредени судови што не би требало да постојат. Без оглед на тоа што некои судови, како кривичниот односно граѓанскиот се неажурни само поради 400 предмети, тоа се најголеми судови во државата сепак. Треба да се поддржат судиите.

За збор се јави **членот на Советот Антоанета Димовска** дополни дека пополнетоста со администрација е со 50-40 проценти што се одразува директно на  работењето на судот, додека пополнетоста со судиите е на пониско ниво, овие резултати се со големи напори на судиите и покрај постојаните критики, ниската доверба, треба да се напомене дека судиите работеле и дале се од себе. Болната точка се финансиите и тоа мора да се каже. Во ОС Куманово не е во фукнција мрежата , претседателката испратила и допис со неа, како и Министерството за правда и Врховниот суд, од каде не добиле известите што се случува со мрежата, бидејќи половина судии не можат да користат АКМИС систем останатите можат. Проблемите се од финансиска и кадровска природа, истите мора да се решаваат.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** по однос на прашањето за ОС Куманово потенцира дека самиот суд ќе треба да го реши проблемот со доводниот кабел за акмис системот, предизвикан како проблем од пожарот, во тој дел не е надлежен Врховниот суд. Оваа информација е од Врховниот суд, а средства се обезбедени.

За збор се јави **членот на Советот Миљазим Мустафа** кој појасни дека се согласува со претходните коментари, јасна е сликата, потребна е посериозна интервенција, потребно е да се пополнат судиските места,

потребно е да се пополнат судовите и со стручен кадар. Видно од една панелна дискусија од минатата недела произлегува дека во 2022 година 700000 предмети биле во работа , а од нив биле решени 600.000 предмети што е факт со кој сите треба да се гордеат и покрај добро познатите капацитети. Дополни дека можеби потребни се кампањи за да се даде можност и за алтернативно решавање на споровите, како во регионот.

Претседателот на Советот ги стави на гласање Предлог Извештаите.

Се констатира дека со 10 гласа –,,ЗА‘‘ и ниту еден ,,ПРОТИВ‘‘ - едногласно се УСВОЕНИ извештаите за работата на судовите за второто тромесечие за 2023 година.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 5 -та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

**Разно**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев ја отвори 5-тата точка од дневниот ред. Истакна дека под оваа точка има Извештај од колегата Ивица Николовски по однос на Деловникот за работа.

За збор се јави **членот на Советот м-р Ивица Николовски** кој додаде дека е подготвен и доставени му се материјалите, но со оглед на тоа што двајца од колегите не се прусутни на денешната седница бара да се повлече – одложи оваа дискусија, од причина што еден од членовите сакал да даде посебно образложение и допринос по расправата по оваа точка.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатираше дека предлагачот за измената за Деловникот за работа го повлече предлогот за дискусија – Предлог измената и дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет. Дополни дека во продолжение има извештај од членот на Советот Весна Дамева во врска со поднесено барање за утврдување на одговорнот за судија во пензија.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** во својство на известител по предметот истакна дека со оглед на тоа што станува збор за постапка за

утврдување одговорност на судија предложи да се исклучи јавноста. Напомена дека истото е од процедурален аспект, бидејќи е констатирана одредена состојба го побара горенаведеното.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** кој предложи да поради тоа што има уште еден материјал за кој не е потребно јавноста да се исклучи предложи да првично да се продолжи со тој дел.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** даде збор на членот на советот Мери Радевска како претседател на Комисија да го изнесе Извештајот од спроведено редовно оценување на работата за судиите на Управен суд Скопје со предлог оценки.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** која истакна дека Комисијата е во состав од нејзе како претседател на Комисија, Лорета Горгиева и м-р Тања Чачарова Илиевска – членови на Комисијата. Станува збор за редовно оценување на работата за период од 4 години. Сумирани се квантитативните и квалитативните критериуми, како и другите судии и овие судии нивната работа додаде дека била предмет на оценување на комисија формирана од Вишиот управен суд, а потоа тие оценки се споделени во системот и добиени крајните оценки по судии според ажурноста, роковите и слични параметри дадени во методологија за оценување и во Законот за судови, така што во продолжение ги изложи бодовите на судиите

| | | | |
|---|---|---|---|
| УПРАВЕН СУД | Александар Чичаковски | 136,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Ана Герасимовска | 140,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Анета Џигерова | 152,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Билјана Никодиновска Петровска | 141,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Благородна Аранѓелова | 152,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Бурим Сејдини | 111,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Валентина Конеска | 143,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Весна Јовановска | 142,000 | Позитивна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| УПРАВЕН СУД | Виолета Богојеска | 119,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Габријела Михајловска | 137,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Газменд Фејзуљи | 131,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Даниела Антовска | 139,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Дитурије Елези Незири | 139,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Дрита Мемети | 133,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Ѓоко Живковски | 137,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Едита Насковска | 153,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Елеонора Хамулиќ Ајро | 138,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Елизабета Васкова | 148,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Ељмедине Асани | 144,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Есма Алибашиќ Јонуз | 148,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Имсале Хасани | 144,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Лидија Ивановска | 153,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Лулзим Салиу | 130,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Марта Телегравчиска | 144,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Рамије Цара | 136,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Снежана Трповска | 148,000 | Позитивна |
| УПРАВЕН СУД | Тања Терзиева | 140,000 | Позитивна |

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по однос на извештајот за дополнување на редовното оценување на судиите на Управниот суд. Откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор го остави на гласање предлог извештајот.

Се констатира дека со 10 гласа ,,ЗА‘‘ и ниту еден ,,ПРОТИВ‘‘ –е усвоен извештајот.

-**Претседателот на Советот** констатира дека ќе се продолжи со гласање за предлогот да се исклучи јавноста бидејќи станува збор за барање утврдување на одговорност на судија. Се констатира дека со 10 гласа ,,ЗА‘‘ и ниту еден ,,ПРОТИВ‘‘ – едногласно е усвоен предлогот и јавноста е исклучена.

Претседателот на Советот констатира дека и последната точка од Дневниот ред е исцрпена, а откако никој повеќе не се јави за збор се констатира дека седницата заврши во 11.50 минути.

Тонскиот запис е составен дел од записникот.

**СУДСКИ СОВЕТ**

**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**Сашко Георгиев**

Изработил: м-р Сања Спиридонова-помлад соработник

Одобрил: Весна Толева-ВД Генерален секретар